Трговско друштво за вработување на инвалидни лица
заштитно друштво за производство трговија и услуги
МИНОЛ ДООЕЛ
Бр. 0302-5120
05.03.2020 год
Штип

ДРУШТВО ЗА НЕМЕТАЛИ
ОПАЛИТ ДООЕЛ
Бр. 0307-18
09.03.2020 год
Пехчево Чешиново Облешево

# ДОГОВОР

За превзимање на отпадни масла и друг отпад помеѓу

Договорни страни

1. ФПМ МИНОЛ ДООЕЛ ЕДБ 4029992100373 со адреса М-6 М.В. 8-ми км бб 2000 Штип представувано од Управителот Билјана Николова од една страна.КОЛЕКТОР
контакт телефони 032 308-001, 070 368-645, 070 332-893

2. ОПАЛИТ ДООЕЛ ЕДБ 4013992100558 со адреса Ул. АСНОМ ББ Чешиново представувано од Управителот Иван Донев од друга страна.ГЕНЕРАТОР контакт телефон

Член 1

Предмет на овој договор е превземање на отпадните масла и друг отпад од ОПАЛИТ ДООЕЛ Чешиново.

Член 2

Согласно донесениот правилник за отпадни масла објавен во Службен Весник Бр 156 од 26.12.2007 двете страни се договорија под кои услови да се превземаат отпадните масла кои се создаваат преку годината а доставени по спецификација.

Член 3

Со овој договор ОПАЛИТ ДООЕЛ Чешиново се обврзува отпадните масла да ги предава на ФПМ МИНОЛ ДООЕЛ и тоа: моторни и други кои се создаваат преку целата година по спецификација која е доставена и да постапува во целост по правилникот за отпадни масла и опасен отпад.

Член 4

ФПМ МИНОЛ ДООЕЛ кој има дозвола од Министерството за Животна Средина и Просторно Планирање за собирање и транспорт на опасен отпад бр. УП1-23-162/2017, се обврзува да ги превземе под следните услови:

-отпадни моторни и други масла селектирани без вода и други примеси цена за превземање: 4 денари/кг. ПЛАЌА КОЛЕКТОРОТ

-отпадни филтри, амбалажа и апсорбенси цена за превземање: 60 денари/кг. ПЛАЌА ГЕНЕРАТОРОТ

Процентот на вода ке биде одбиен од количината на маслото.

Отпадните масла не смеат да содржат биоразградливи масла, масла за обработка на метали, машински масла, голем процент на гориво и мазут и ПХБ.

Отпадните масла КОЛЕКТОРОТ ке ги превзима со специјално возило а ГЕНЕРАТОРОТ се обврзува да му обезбеди приклучок на електрично напојување од 380V ако има услови за тоа но доколку не постојат услови за напојување од 380V маслата ке се превзимаат со комби возило. Амбалажата е повратна.

Член 5

ОПАЛИТ ДООЕЛ Чешиново се обврзува отпадните масла да ги селектира и евидентира согласно Образецот за евиденција на отпадни масла кој е прилог во СЛ.Весник бр.156.

Член 6

Пред превземањето ке се врши проба, ако маслата одговараат според договорот и евиденцијата за истите ке се подполни ТРАНСПОРТЕН ФОРМУЛАР за превземени отпадни масла.

Член 7

Сите останати не споменати масла, масти, отпадни горива и друго кои ке бидат предмет на превземање ке се регулира со анекс кон договор кој ке се потпише.

Член 8

Плаќањето за превземањето на отпадните масла и друг отпад кои треба да се наплаќаат Член 4 ке се врши во рок од 30 дена од превземањето и фактурирањето. Во цената не е пресметано ДДВ.

Член 9

Секое непочитување на овој договор договорните страни меѓусебно ке го разрешат, а ако не можат тогаш договорот се смета за раскинат.

Член 10

Рамковниот договор се склучува на неодредено време,под услов двете страни да го почитуваат договорот.

Член 11

Договорот ке се состави во 2(два) примероци по еден на двете страни.

ФПМ МИНОЛ ДООЕЛ Штип

ОПАЛИТ ДООЕЛ Чешиново